ПП бр: 09-58/

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка (1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/24 и 16/25), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисјата за за заштита на конкуренцијата во состав: М-р. Борче Размоски–Претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски, Никола Трајчевски и Valon Elezi -членови, постапувајќи во постапка поведена по службена должност со заклучок ПП бр.09-58/2 од 12.03.2025 година против Корпорацијата Јагео, со седиште во 3Ф,233-1, Баокиао Роуд, област Ксиндиан., Њу Тајпеј Сити, Тајван, Република Кина, застапувана од Адвокатско друштво Папазоски и Мишев од Скопје, на седница одржана на ден 25.07.2025 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека Корпорацијата Јагео, со седиште во 3Ф,233-1, Баокиао Роуд, област Ксиндиан., Њу Тајпеј Сити, Тајван, Република Кина, застапувана од Адвокатско друштво Папазоски и Мишев од Скопје, иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата била должна до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за концентрација пред нејзиното спроведување, односно пред 15.06.2020 година,кога е доставена Потврда за спојување до Секретарот на државата, а по склучување на Договор и план за спојување на 11 ноември 2019, истото во наведениот период не поднело известување за концентрација, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата за што и се изрекува санкција - глоба во износ од 307.500 денари што претставува 0,0004% од вредноста на вкупниот годишен приход на Корпорација Јагео остварен во 2019 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата.

2.Се утврдува дека Корпорацијата Јагео, со седиште во 3Ф,233-1, Баокиао Роуд, област Ксиндиан., Њу Тајпеј Сити, Тајван, Република Кина, застапувана од Адвокатско друштво Папазоски и Мишев од Скопје иако согласно член 18 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата не смееле да ја спроведат концентрацијата пред 25.02.2025 година, како ден кога Комисијата за заштита на конкуренцијата донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законотза заштита на конкуренцијата, Корпорација Јагео ја спровела концентрацијата на 15.06.2020 година, кога е доставена Потврда за спојување до Секретарот на државата, со што сторила прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата за што и се изрекува санкција - глоба во износ од 3.444.000 денари што претставува 0,0046% од вредноста на вкупниот годишен приход на Корпорација Јагео остварен во 2019 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата.

3.За прекршоците од точка 1) и 2) од ова решение на Корпорацијата Јагео, со седиште во 3Ф,233-1, Баокиао Роуд, област Ксиндиан., Њу Тајпеј Сити, Тајван, Република Кина, застапувана од Адвокатско друштво Папазоски и Мишев од Скопје, и се изрекува единствена санкција-глоба во износ од 3.751.500 денари, што претставува 0,005% од вредноста на вкупниот годишен приход на Корпорацијата Јагео остварен во 2019 година како година која и претходи на концентрацијата

4.Глобата од точка 3) од ова решение, сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата**.** Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Од Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) на ден 07.03.2025 година, до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) доставен е допис бр. 09-58/1 со цел КОП да утврди дали во наведениот предмет евентуално е сторен прекршок од член од член 60 став (1) точка 1) и /или 60 став (1) точка 2) од Законот.

КОП на 12.03.2025 година по службена должност донесе заклучок бр.09-58/2 за поведување на прекршочна постапка против Корпорацијата Јагео, со седиште во 3Ф,233-1, Баокиао Роуд, област Ксиндиан., Њу Тајпеј Сити, Тајван, Република Кина, (во понатамошниот текст: Корпорација Јагео) заради неподнесување на известување за концентрација согласно член 15 од Законот, што претставува прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот и заради спроведување на конценрација спротивно на член 18 став (1) од Законот, што претставува прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот.

Со заклучокот за поведување на прекршочна постапка КОП ја задолжи Корпорацијата Јагео**,** согласно член 40 од Законот, да достави доказ кога е спроведена концентрацијата (кога е извршен уписот на сопственост во трговскиот регистар) со која Корпорацијата Јагео, стекнува контрола врз Корпорацијата КЕМЕТ, со адреса на седиште на Уан Ист Боуард Булевард, Апартман 500, Форт Лаудердал, ФЛ 33301, САД (во понатамошниот текст: Копрпорација КЕМЕТ).

Заклучокот е доставен со пропратно писмо ПП бр. 09-58/3 од 12.03.2025.

Со допис бр. ПП 09-58/4 од 12.03.2025 година КОП се обрати до полномошниците на Корпорација Јагео со цел појаснување на полномошното.

Полномошниците на Корпорација Јагео доставија допис, наш ПП бр. 09-58/5 од 18.03.2025 година

На ден 25.04.2025 година Полномошниците на Корпорација Јагео доставија полномошно (наш ПП бр. 09-58//6)

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

Со допис наш ПП бр.09-58/7 од 05.05.2025 година Корпорација Јагео се произнесе по заклучокот.

На ден 23.05.2025 година КОП донесе Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-58/8.

Со допис  ПП бр. 09-58/9 од 23.05.2025 година Прелиминарното известување беше доставено до Корпорација Јагео.

Со допис наш ПП бр. 09-58/10 од 10.06.2025 година Корпорација јагео се произнесе по Прелиминарнот известување.

На ден 04.07.2025 година КОП донесе Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-58/11, кој беше доставен со допис  ПП бр. 09-58/12 од 04.07.2025 година.

Со допис наш ПП бр. 09-58/13 од 17.07.2025 година Корпорација јагео се произнесе по конечното известување.

**Врз основа на анализа на доставените податоци и документи КОП ја утврди следната фактичка состојба:**

Согласно член 15 од Законот на ден 02.01.2025 година, а дополнето на 29.01.2025 година, до Комисијата е доставено известување за концентрација од страна Корпорацијата Јагео, со која Корпорацијата Јагео, стекнува контрола врз Корпорацијата КЕМЕТ.

Комисијата решението бр.08-1 со кое се утврдува дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот го донела на 25.02.2025 година.

Корпорација Јагео концентрацијата ја спровела на 15.06.2020 година, кога е доставена Потврда за спојување до Секретарот на државата.

***Настанување на концентрација***

Согласно член 12 став (1) точка 2) алинеа 2 од Законот, концентрација настанува со промена на контролата на долгорочна основа, а особено како резултат на стекнување на директна или индиректна контрола на целото или делови од едно или повеќе други претпријатија од едно или повеќе лица кои веќе контролираат најмалку едно претпријатие.

Корпорацијата Јагео стекнува директна контрола на Корпорацијата КЕМЕТ по пат на припојување на Скај Мерџер Суб Инк., друштво основано во Делавер во целосна сопственост на Корпорацијата Јагео , со Корпорацијата КЕМЕТ,  во согласност со Општиот закон за корпорации на државата Делавер, и стекнување на 100% на акциите на Корпорацијата КЕМЕТ од страна на Корпорацијата Јагео.

За потребите на спроведувањето на трансакцијата, Корпорацијата Јагео и Корпорацијата КЕМЕТ потпишале договор и план за спојување склучен помеѓу Корпорацијата Јагео, Скај Мерџер Суб Инк. и Корпорацијата КЕМЕТ на 11 ноември 2019 година кој е доставен во прилог на  известување за концентрација доставено до Комисијата.

***Услови за известување за концентрација***

Согласно член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот, известување за концентрација до Комисијата се поднесува ако заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, при што најмалку еден учесник мора да биде регистриран во Република Македонија и/или заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги во Република Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност.

На светскиот пазар во 2019 година, Корпорацијата Јагео има остварено вкупни приходи во износ од 1,197,552,391 евра односно 73.625.521.000 денари Во Северна Македонија стекнал приходи од 103.497 евра односно 5,687,401 денари.

На светскиот пазар во 2019 година, Корпорацијата КЕМЕТ има остварено вкупни приходи во износ од 1,232,581,620 евра односно 75,779,118.000 денари, без било каков приход остварен во Северна Македонија.

Согласно наведените податоци заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, при што најмалку еден учесник е регистриран во Република Северна Македонија па оттука е исполнет условот од член член 14 став (1) точка 1) од Законот за поднесување на известување

1. ***Обврска за известување за концентрација***

Согласно член 15 став (1) од Законот учесниците во коцентрацијата се должни до Комисијата да достават известување за концентрација пред нејзиното спроведување. Неподнесување на известување за концентрација согласно член 15 став (1) од Законот претставува прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот.

Согласно член 15 став (3) од Законот, известување за концентрација поднесува лице, односно претпријатие кое стекнува контрола над цело или дел од едно или повеќе претпријатија, во овој случај Корпорацијата Јагео стекнале контрола над Корпорацијата КЕМЕТ.

Од горенаведно неспорно е дека постоела обврска за Корпорацијата Јагео да достави до Комисијата известување за концентрација пред нејзиното спроведување.

Известувањето за наведената концентрација до Комисијата Корпорацијата Јагео го доставила по спроведувањето на концентрацијата.

Корпорација Јагео концентрацијата ја спровела на 15.06. 2020 година., а како што е

наведено погоре известувањето до Комисијата го доставила на 02.01.2025 година, а го дополила на 29.01.2025 година,

Комисијата решението бр.08-1 со кое се утврдува дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот го донесе на 25.02.2025 година.

Оттука, Корпорација Јагео како претпријатие кое стекнало контрола над Корпорацијата КЕМЕТ иако согласно член 15 од Законот било должно до Комисијата да достави известување за концентрација по склучување на Договор и план за спојување склучен помеѓу Корпорација Јагео, Скај Мерџер Суб Инк. и Корпорација КЕМЕТ на 11 ноември 2019, а пред нејзиното спроведување односно пред 15.06.2020 година (кога е доставена Потврда за спојување до Секретарот на државата), истото не поднело известување за концентрација во наведениот период, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот.

Корпорација Јагео целосно известување за наведената концентрација до Комисијата доставила на ден 29.01.2025 година.

На Корпорација Јагео ќе и се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата пресметан согласно член 16 од Законот*, односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.*

Вкупните приходи на Корпорација Јагео остварени во 2019 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која претходи на концентрацијата изнесуваат износ од 1,197,552,391 евра односно 73.625.521.000 денари

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

При одмерување на глобата КОП ги зема во предвид следните олеснителни околности:
- Комисијата со решението бр. 08-1 од 25.02.2025 година, утврди дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот, па оттука со спроведувањето на концентрацијата не е нарушена конкуренцијата и не се предизвикани последици по конкуренцијата на релевантниот пазар;
- Корпорација Јагео до Комисијата достави известување за концентрација на 02.01.2025 година и истото го дополни на 29.01.2025 година и
- Корпорација Јагео ефективно соработуваше со КОП за време на постапката.

Врз основ на горенаведеното КОП утврди дека Корпорација Јагео како претпријатие кое стекнало контрола над Корпорација КЕМЕТ, иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата било должно до Комисијата да достави известување за концентрација пред нејзиното спроведување односно пред 15.06.2020 година,кога е доставена Потврда за спојување до Секретарот на државата, а по склучување на Договор и план за спојување на 11 ноември 2019, истото во наведениот период не поднело известување за концентрација, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за што му се изрекува санкција - глоба во износ од 307.500 денари што претставува 0,0004% од вредноста на вкупниот годишен приход на Корпорација Јагео остварен во 2019 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата.

Согласно член 18 став (1) од Законот, концентрацијата не смее да се спроведе ниту пред да биде поднесено известување за истата до Комисијата, ниту по поднесувањето на известувањето, се додека не биде донесено решение дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот.

КОП утврди дека концентрацијата е спреведена пред да биде поднесено_известувањето до Комисијата и без да биде донесено решение од Комисијата, односно Корпорација Јагео постапила спротивно на член 18 став (1) од Законот.

Спроведување на концентрација спротивно на член 18 став (1) од Законот претставува прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот.

КОП утврди дека времетраењето на прекршокот од член 60 став (1) точка 2) од Законот е од 15.06.2020 година, кога е доставена Потврда за спојување до Секретарот на државата до 25.02.2025 година како ден кога е донесено решението бр.08-1 со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот. Врз основа на ова периодот во кој траел прекршокот изнесува 4 години и 8 месец.

За сторениот прекршок на Корпорација Јагео ќе и се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата пресметан согласно член 16 од Законот*, односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.*

Вкупните приходи на Корпорација Јагео остварени во 2019 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која претходи на концентрацијата изнесуваат износ од 1,197,552,391 евра односно 73.625.521.000 денари

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

При одмерување на глобата КОП ги зема во предвид следните олеснителни околности:
- Комисијата со решението бр. 08-1 од 25.02.2025 година, утврди дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот, па оттука со спроведувањето на концентрацијата не е нарушена конкуренцијата и не се предизвикани последици по конкуренцијата на релевантниот пазар;
- Корпорација Јагео до Комисијата достави известување за концентрација на 02.01.2025 година и истото го дополни на 29.01.2025 година и
- Корпорација Јагео ефективно соработуваше со КОП за време на постапката.

Врз основ на горенаведеното КОП утврди дека Корпорација Јагео како претпријатие кое стекнало контрола над Корпорација КЕМЕТ,иако согласно член 18 став (1) од Законот не смеело да ја спроведе концентрацијата пред 25.02.2025 година, како ден кога Комисијата донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот Корпорација Јагео ја спровела концентрацијата на 15.06.2020 година, кога е доставена Потврда за спојување до Секретарот на државата, со што сторила прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот за што и се изрекува санкција - глоба во износ од 3.444.000 денари што претставува 0,0046% од вредноста на вкупниот годишен приход на Корпорација Јагео остварен во 2019 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата.

Согласно член 27 став (1) од Законот за прекршоците - Ако сторителот со едно дејствие или со повеќе дејствија сторил повеќе прекршоци, но не е донесена одлука за прекршок, претходно ќе се утврди санкцијата за секој одделен прекршок, а потоа ќе се изречат како единствена санкција сите така утврдени санкции.

Согласно член 27 став (2) од Законот за прекршоците - Ако за повеќе прекршоци сторени во стек е утврдена глоба ќе се изрече единствена санкција што е еднаква на збирот на одделно утврдената глоба, која не може да го надмине законскиот максимум на глобата пропишана со закон.

Оттука, КОП, согласно член 27 од Законот за прекршоците, на Корпорација Јагео и изрекува единствена санкција во износ од 3.751.500 денари, што претставува 0,005% од вредноста на вкупниот годишен приход на Корпорација Јагео остварен во 2019 година како година која и претходи на концентрацијата.

КОП не го прифаќа ставот на Корпорација Јагео дека во конкретниот предмет постои прекршок само од член 60 став (1) точка 1) од Законот, односно дека не постои прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот, бидејќи прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот постои само кога е поднесено известување но концентрацијата е спроведена пред донесување на решение од Комисијата.

Имено КОП истакнува дека е точно дека доколку концентрацијата е спроведена пред да се поднесе известување, тоа значи и дека е спроведена пред Комисијата да донесе решение за одобрување/неодобрување на концентрацијата. Меѓутоа Законот не прави хиерархија

помеѓу овие два прекршока и предвидува изрекување на одвоена глоба за секој од наведените прекршоци. Имено член 15 став (1) и член 18 став (1) од Законот претставуваат независни одредби, едната предвидува обврска за сторување, додека другата предвидува обврска за несторување.

Законот за заштита на конкуренцијата е усогласен со Регулативата на Советот на Европската комисија бр.139/2004 и согласно член 3 став (3) од Законот „Во оцена на облиците на нарушување на конкуренцијата кои можат да имаат влијание на трговијата меѓу Република Македонија и Европските заедници, согласно со членот 69 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки, на соодветен начин се применуваат критериумите кои произлегуваат од правилната примена на правилата за конкуренција во Европската Унија". Во конкретниот случај КОП се водеше меѓу другото и од Пресуда на Судот на Правдата во предметот Ц-10/18П од 4.03.2020 година [2].

**Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**

[2] Пресуда на Судот на Правдата во предметот Ц-10/18П од 4.03.2020 година (Judgment of the Court (Fourth Chamber) of 4 March 2020 in Case C-10/18 P, - Mowi ASA (Formerly Marine Harvest ASA) vs European Commission